OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

Врз основа на член 38 точка 2 од Статутот на Охридска банка АД Скопје, Собранието на Охридска банка АД Скопје на седница одржана на 11.5.2017 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Годишниот извештај**
**за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2016 година**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2016 година.

2. Извештајот за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2016 година и писменото мислење по истиот, изготвено од страна на Надзорниот одбор, се составен дел на оваа Одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**СО Бр. 0201-26237/5-2**
**11.5.2017**
**Скопје**

**Собрание на**
**Охридска банка АД Скопје**
**претседавач,**

____________________

ОХРИДСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Кон Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2016

Согласно член 477 став 14 од Законот за трговски друштва (ЗТД), Законот за банки член 93 став 9 и Статутот на Банката органот на управување има обврска по завршувањето на секоја деловна година, да изготви извештај за работата на друштвото во претходната деловна година.

Содржината на годишниот извештај за работа на друштвото во претходната деловна година е определена со член 384 став 7 од ЗТД.

Во годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, органот на управување има обврска објективно да ги презентира и да ги објасни главните фактори и околностите коишто влијаеле на определувањето на работењето, вклучувајќи ги и промените во опкружувањето во чиишто рамки друштвото дејствува, одговорот на друштвото на тие промени и нивното влијание, политиката на вложувања за одржување и за поддршка на успешноста во работењето на друштвото.

Годишниот извештај за работењето на Банката се поднесува на одобрување до Надзорниот Одбор и на разгледување и усвојување од Собранието на банката заедно со писменото мислење по истиот, изготвено од Надзорниот Одбор.